РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. УП1 14-3051
06-03-2019 20___год.
СКОПЈЕ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје

| Примено: | 06.03.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 1003 | 1182/2 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус специјалистички едногодишни студии по Физиотерапија во ортопедија и хирургија на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус специјалистички едногодишни студии по Физиотерапија во ортопедија и хирургија на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје се обрати со барање бр. 14-5665/1 од 09.11.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-3051 од 09.11.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус специјалистички едногодишни студии по Физиотерапија во ортопедија и хирургија на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација 1409-371/3 од 31.10.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-3051 од 05.02.2019 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус специјалистички едногодишни студии по Физиотерапија во неврологија на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Комисијата на ден 12.02.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-3051 од 19.02.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус специјалистички едногодишни студии по Физиотерапија во ортопедија и хирургија на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Именуваните
- Архива

Изработил: м-р Јорданчо Попоски
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: Dr. Agim Rushiti